РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 29 -06- 2023

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 84/1 | | |

815

( Образец ПП……)

**До:** Општина Битола
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Барам да ми се достави решението од инспекторатот за локална самоуправа за 26тата седница на Советот одржана на 31.05.2023 г.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго [redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** 29.06., _____**2023 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Василевска
Раководител на одделение за правно-нормативни работи

Бр.11-84/2
30.06.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-84/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
30.06.2023

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04.07.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 84/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-10/1
04.07.2023 год.
Б и т о л а

До

- Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска
-Евгенија Чукалева

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-84/2 од 30.06.2023 година**

Почитувани,

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] под Бр.11-84/1 од 29.06.2023год., Во прилог Ви го доставуваме бараното Решение од Државниот инспекторатот за локална самоуправа во врска со 26-тата седница на Советот на општина Битола одржана на ден 20.04.2023 година со продолжение на ден 24.04.2023 година.

Прилог: Решение Бр.08-528 од 17.05.2023 година.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за локална самоуправа | Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

**Државен инспекторат за локална самоуправа** | **Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

со. бр. 765/2023

Бр./Nr.08-528
17.05.2023

**Скопје/Shkup**

22 -05- 2023

Број | Прилог

До : Г-ѓа Габриела Илиевска

Претседател на Советот на општина Битола

Бул "1 Мај" бр.61

7000 Битола

Предмет: Достава на Решение (Наш арх.бр. 08-528 од 17.05.2023 година)

Почитувани,

На ден 26.04.2023 година, Државните инспектори за локална самоуправа извршија вонреден инспекциски надзор во седиштето на општина Битола, предмет со наш арх. бр.08-528.

Во прилог на дописот Ви ја доставуваме **Решението со опомена** донесена од страна на Државниот инспекторат за локална самоуправа, со бр. 08-528 од 17.05.2023 година.

Со почит,

Прилог:

- Решение со Опомена 08-528 од 17.05.2023 година

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа

------------------------ Службена легитимација бр.13-0002


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale

Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
Државен инспекторат за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale

Број:08-528
Датум/Data: 17.05.2023 год./viti

Државниот инспекторат за локална самоуправа преку Виш Државен инспектор за локална самоуправа, Рахим Муслиу со службена легитимација бр.13-0002 и Илина Трајановска, Помлад Државен инспектор за локална самоуправа со службена легитимација бр.13-0004, изврши ја вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор во општина Битола, во Битола, со адреса: Бул."1 Мај"бр.61, застапувано од Г-дин Тони Коњановски, Градоначалник на општина Битола и со Записник број 08-528 од 26.04.2023 година, во врска со одржувањето, прекинот и продолжението на 26-та седница на Советот на општина Битола и ја утврдија фактичката состојба и врз основа на член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор (" Службен весник на РСМ", бр.102 од 22.05.2019 година), а во врска со член 70 став 2 од Закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002 година) и член 6 став 2 од Законот за Државниот закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година) го донесоа следното:

## РЕШЕНИЕ

1.Се изрекува мерка **ОПОМЕНА** на Претседателот на Советот на општина Битола, Г-ѓа Габриела Илиевска, за неправилности при прекинот на седницата на Советот на општина Битола, а се однесуваат на напочитување на одредбите од член 65 од Деловникот за работа на Советот на општина Битола и прекинот на 26-та седница на Советот на општина Битола од страна на Претседателот на Советот на општина Битола.

2.Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение е 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

3.Субјектот на инспекциски надзор, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 18 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа("Сл Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18. ), преку Виш Државен инспектор за локална самоуправа, Рахим Муслиу, со службена легитимација бр.13-0002 и Илина Трајановска, Помлад Државен инспектор за локална самоуправа, со службена легитимација бр.13-0004, извршија вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор во општина Битола со адреса: Бул."1 мај"бр.61, застапувано од Г-дин Тони Коњановски, Градоначалник на Општина Битола, со матичен број на субјектот на надзорот 6025633 и составиле Записник број 08-528 од 26.04.2023 година, во кој е констатирано:

-Предмет на инспекцискиот надзор, беше утврдување на фактот, дали свикувањето, прекинот и продолжувањето на 26-та седница на Советот на општина Битола, одржана на ден 20.04.2023 година е во согласност со Законот за локална самоуправа и Деловникот за работа на Советот на општина Битола, како и законските обврски кои ги имаат Гардоначалникот и Претседателот на Советот, поврзано со потпишувањето и објавувањето на донесените акти на Советот и нивното објавување во службеното гласило на општината.

По извршениот вонреден инспекциски надзор во седиштето на општина Битола, на ден 26.04.2023 година и одвоените средби на инспекторите, прво со Претседателот на Советот на општина Битола, потоа со Градоначлникот и секретарот на општина Битола.

На вонредниот надзор беше побарана и добиена целокупната документација од 26-тата седница на Советот на општина Битола одржана на ден 20.04.2023 година, како и продолжението на истата на ден 24.04.2023 година, како што се :

1. Решение/Покана за свикување на 26-та седница на Советот на општина Битола, за 20.04.2023 година, со арх. бр.09-36/1, од 12.04.2023 година.
2. Евидентен лист за присуство на членовите на Советот на општина Битола од седницата одржана на ден, 20.04.2023 година, како и од продолжението
3. Записник (неусвоениот) од 26-та седница одржана на ден 20.04.2023 година.
4. УСБ-то од снимените седници, одржани на ден 20.04.2023, и продолжението од 24.04.2023 година.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Во меѓувреме, од претставникот на општина Битола, одговорна за работата со Советот, по емаил, беше побарано да се достави и комуникацијата на општинската администрација со ОИК Битола (општинска изборна комисија Битола ) и во скенирана форма, верни на оригиналите, по мејл се доставени до инспекторот, следната документација:

5. Известувањето од Жанета Ангелевска од 14.03.2023 година, за неотповиклива оставка од член на Советот на општина Битола..
6. Дописот доставен од општина Битола до Претседателот на ОИК Битола, г-дин Игор Талевски, со арх. бр.09-30/1, од 14.03.2023 година.
7. Известувањето од ОИК Битола до општина Битола, со арх. бр. 11-65/9.
8. Доставата на Одлуки за потпис од страна на одговорното лице од општинската администрација за Советот до Претседателот на Советот на општина Битола, со бр.08-36/91 од 26.04.2023 година..

**Ве информираме** дека, нашиот инспекторат работи според Законот за локална самоуправа, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за инспекциски надзор, и други закони, како и надлежноста на овој инспекторат е вршењето на надзор на законитоста на прописите на општините како и постапката за нивно донесување.

Од извршениот надзор, од бараната и добиената документација од претставникот на општина Битола и од анализата направена врз нив како и од содржината на Вашето барање, во продолжение, ќе Ве информираме со нашите наоди од извршениот надзор.

Но, да одиме хронолошки, за овој случај:

Решението за свикување на 26-та седница на Совет на Општина Битола е со арх.бр. 09-36/1 од 12.04.2023 година, свикана од страна на Претседателот на Совет на општина Битола со дневен ред од 87 точки. Седницата започна со работа во договореното време, во 10:20 часот и од увидот во неусвоениот записник и снимената седница, од вкупниот број членови на Совет на Општина Битола 31, на седницата присуствувале 29 членови на Советот на Општина Битола.

По претставување на дневниот ред од страна на Претседателот на Советот, им се овозможи на членовите на Советот да дадат предлози за измена и дополнување на дневниот ред. Член на Советот (Горан Велевски) се јави за збор и предложи дополнување на дневниот ред со уште 4 иницијативи за дополнување на дневниот ред.

Од страна на Претседателот на Советот на Општина Битола предлогот на членот на Советот бил ставен на гласање и сите 4 негови предлози се одбиени, оттука се констатира дека предложените иницијативи не се прифаќаат од страна на мнозинството членови на Советот за да се дискутира на 26-та седница.

Бидејќи немало други предлози за измена и дополнување на дневниот ред, од страна на Претседателот на Советот на Општина Битола дневниот ред бил ставен на гласање и исходот од гласањето е следен: **24 гласа "ЗА", 2 гласа "ВОЗДРЖАНИ" и 3 членови на советот се изземени од гласање.**

Пред отпочнување со дискусии по точките од дневниот ред, свое обраќање пред членовите на Советот имаше Градоначалникот на Општина Битола, Г-дин Тони Коњановски. По излагањето на Градоначалникот, Претседателот на Советот дала пауза од 5 минути, после паузата Советот продолжува со работа и првата точка била ставена на гласање и едногласно е усвоена (29 гласа "ЗА").

Додека, што се однесува за втората и третата точка, е формирана Верификациона комисија и по известувањето добиено од ОИК со бр.11-65/9 од 11.04.2023 година, се пристапи кон потпишување на свечена изјава на прифаќање на мандатот на следниот член на Советот на Општина Битола, Г-ѓа Ленче Илиевска, од кандидатската листа на ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈАТА "ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА".

По однос на 4-та точка од дневниот ред, чинот на гласање бил следен **25 гласа "ЗА" и 5 гласа "ПРОТИВ".**

По отворање на расправа по точка 5 од дневниот ред, се дискутира за истата и членовите на Советот од страна на СДСМ ја напуштаат седницата на Советот на Општина Битола. По настаната ситуација, Претседателката на Совет дава пауза од 5 минути и бара координација во 14 и 30 минути, по одржување на координацијата со координаторите на советничките групи, истата ја прекинува седницата согласно член 65 заради потреба од дополнителни консултации, член на советот праша кога ќе продолжи седницата за да се информираат членовите на Советот, но Претседателката не одговори и ја прекина седницата. Согласно Деловникот за работа на Советот на Општина Битола, во **ПОГЛАВЈЕ 6-Прекин** на седницата, јасно е дефинирано во кои случаи може да се прекине седницата.Имено, член 65 од Деловникот гласи, **цитирам**: "Претседателот на Советот ја прекинува Седницата на Советот:

- заради немање на мнозинство потребно за работа;
- заради нарушување на редот во салата каде се одржува седницата;
- кога за тоа ќе одлучи Советот по предлог на претседателот, по предлог на Координаторите на советничките групи, по предлог на 5 члена на Советот или друг предлагач на актот или материјалот, во случај на потреба од дополнителни консултации и во други случаи, кога за тоа ќе се укаже потреба.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Советот."

Оттука, не е испочитуван ниту еден од условите за прекин на седницата. Претседателката на Советот ја прекинува седницата, без да даде предлог за прекинување врз основа на кој Советот ќе одлучи, а исто така не определува ни време за продолжување на седницата.

Еден од членовите на Совет на Општина Битола, се повикува на член 56 од Деловникот за работа, за да продолжи седницата и бара мислење од одделението за координација на Советот на Општина Битола, дали истата седница може да продолжи како што предлагаат тие како советничка група, со цел истата да се заврши

Од страна на Раководителот на одделението за нормативно правни работи, беше констатирано дека не се исполнети условите за прекин на седницата. Советничката група која побарала мислење за продолжување на истата седница, се повикува на член 56 од Деловникот за работа на Советот, мнозинството да донесе одлука за избор на претседавач, односно најстариот член да го води продолжението на седницата. Од информациите добиени од службите, констатирано е дека најстар член на Советот е Марица Тодоровска и истата доби поддршка од 16 гласови "ЗА" и продолжува да ја води седницата од **точка 5 до точка 66**, каде што е прекината седницата поради немање кворум за работа на Советот на општината.

Од анализата направена врз донесените акти на 26-та седница, во согласност со нашите законски надлежности, утврдено е дека од сите точки кои беа на дневен ред, а се **ПРОПИСИ** и за истите треба да се почитуваат одредбите од член **62 став 2 од Закон за локална самоуправа**, со исклучок доколку за конкретната точка поинаку е утврдено во материјалниот закон од областа со која се регулира.

Точките од 1-4 донесени од страна на Советот на Општина Битола, додека седницата ја водела Претседателката на Советот, видно од записникот и снимената седница, констатирано е дека за 1-та и 4-та точка мнозинството гласало "ЗА" и истите се сметаат дека се донесени, додека за 2-ра и 3-та точка се констатира верификација на мандат и потпишување на свечената изјава.

**Точките 5-29, како и 50, 52, 53, 54, и 55, НЕ СЕ ПРОПИСИ** и за истите се смета дека се усвоени согласно **член 41 став 2 од Закон за локална самоуправа**, односно Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и статут поинаку не е определено.

Точките од дневниот ред под број **51 и 56**, утврдено е дека не се поминати, бидејќи за точка 51 - **сите 16 членови** на Советот гласале **ВОЗДРЖАНО**, додека за точка 56 – **14 членови на Совет гласале "ПРОТИВ" и 2 "ВОЗДРЖАНИ"**.

Точките од дневниот ред, под реден број **32,69,70,71,85,86,87,88 се поминати и истите се донесени со 16 гласа "ЗА"**.

Точките кои сметаме дека **СЕ ПРОПИСИ** согласно одредбите од член **62 став 1 и 2 од Закон за локална самоуправа**, се следните: **30,31,32 и 34**, додека точките **57-59** (гласано е согласно член 4 став 2 од Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти).

Од увидот во снимената седница и работната верзија од записникот од продолжението на 26-та седница, се гледа дека во ниту една од горе споменатите точки не се донесени согласно член **62 став 1 и 2 од Закон за локална самоуправа, освен точките од 57-59** за кои е објаснато дека согласно материјалниот закон, има основа за донесување на тие точки со мнозинство од присутните членови на Советот, член 4 став 2 од Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Од наодите од извршениот инспекциски надзор, од разговорите со претставниците на општина Битола и од анализата направена врз документацијата која е добиена од претставникот на општината кој учествуваше во овој надзор, во согласност со нашите законски надлежности, Ве известуваме дека се констатирани **следните неправилности**:

- Претседателката на Совет не ги испочитувала одредбите од член 65 од Деловникот за работа на Советот, за прекинување на седницата, односно истата ја прекинала седницата без да одлучи Советот и не е закажано времето за продолжување на истата.

- Од добиените известувања од страна на одговорното лице на општинската администрација, предмет:доставa на Одлуки за потпис, со арх.број 09-36/91 од 26.04.2023 година за потпишување на актите донесени од страна на Советот на Општина Битола и дека Претседателката на Совет има законска обврска истите да ги потпише и да ги достави до Градоначалникот на Општина Битола, согласно член 48 став 3 од Закон за локална смаоуправа: **Ги потпишува прописите што ги донел советот и во рок од три дена од денот на нивното донесување ги доставува на градоначалникот заради објавување.**
- Иако Претседателката на Совет на Општина Битола, електронски била известена за продолжувањето на седницата од службената емаил адреса на 22 април 2023 година (17:22 часот), дека седницата ќе продолжи на 24 април 2023 година, со почеток во 10:00 часот. Од увидот во продолжението на 26-та седница, на ден 24 април се гледа дека Претседателката на Совет, не учествува во работата на Советот и со седницата претседава најстариот член на Советот на Општина Битола.

Додека што се однесува до успорените прописи, донесени на 26-та седница на Советот на општина Битола, кои не се донесени во согласност со член 62 став 2 од Законот за локална самоуправа, иако истите, според нашите податоци не се објавени во службениот гласник на општина Битола. ќе се достави известување со **ОПОМЕНА до Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Битола,** како задолжениа за постапување:
-да во рок од 15 дена од приемот на решението, успорените прописи да ги стават на седница на Советот на повторно разгледување.
-донесените акти, кои не се спорни, според нас, да се потпишуваат од страна на Претседателот (првите 4 точки) на Советот и претседавачот на седницата и истите да се објавуваат во службеното гласило на општината.
-објавените акти во службениот гласник на општина Битола, во законско предвидениот рок, да се доставуваат до надлежното министерство, односно до Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Од Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Битола, се бара, да ги почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа, секој во својот делокруг на надлежностите и да ги почитуваат и применуваат одредбите од Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Битола.

По добиените информации и истечениот рок даден во диспозитивот на ова решение инспекторите ќе извршат контролен надзор, за да се констатира дека е постапено по инспекциската мерка.

При одлучувањето инспекторите се раководеа од начелата на законитост, пропорционалност, утврдување на материјалната вистина како основни начела за водење на инспекциската постапка утврдени во Законот за инспекциски надзор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:

Против ова решение од член 83 на Законот за инспекциски надзор, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Решено во Државен инспекторат за локална самоуправа под број.08-528 од 17.05.2023 година.

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа

Службена легитимација бр.13-0002

М.П.

Илина Трајановска-Помлад Државен инспектор за локална самоуправа
Службена легитимација бр. 13-0004


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-84/4
04.07.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **29.06.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Барам да ми се достави решението од инспекторатот за локална самоуправа за 26та седница на Советот одржана на 31.05.2023)**

## СЕ УВАЖУВА

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**
1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-84/1
2. Допис до Раководител на одделение за правно норматицни работи – Благица Василевска со бр. 11-84/2 од 30.06.2023 година
3. Одговор од Раководител на одделение за правно норматицни работи – Благица Василевска со бр. 84/3 од 04.07.2023 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 04.07.2023 година, под бр. 11-84/4.

**Службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**
________________________

**Евгенија Чукалева**
________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •